ИНТЕРВЈУ



# СИАБ - контакт со светот

*На изложбата на СИАБ, која опфаќа дела во различни техники изработени на хартија, ќе се претставаат над стотина учесници од 15 земји. За сето она што ќе се случува во рамките на годинешниот СИАБ, разговараме со проф. Симон Шемов (Факултет за ликовни уметности), член на организациониот одбор (заедно со проф. Димитар Малидანов и со Фросина Зафировска од Музејот на град Скопје).*

**Ова е четврта изложба на СИАБ. Ако можете, накратко, да ни објасните што значи тоа?**

- СИАБ, или Студентско интернационално арт биенале, е првата меѓународна ликовна манифестација, која беше организирана по осамостојувањето на Република Македонија. Првпат беше одржана во 1993 година во Музејот на современа уметност, потоа во 1995 во Уметничката галерија - Скопје, а во 1997 година во Музејот на град Скопје. И оваа година е повторно на истото место, а се надеваме дека така ќе остане и понатаму.

Инаку, изложбата како меѓународна ликовна манифестација е под покровителство на

*На 30 мај во 21 часот во Музејот на град Скопје, ќе се отвори IV изложба на СИАБ*

Министерството за култура на Република Македонија, а учесници се студенти од голем број образовни институции (академии, факултети) од светот.

**За какви ликовни дела и техники вообичаено се работи?**

- Изложбата секогаш опфаќа дела изработени на хартија, а се користат сите сликарски техники што се работат на хартија. Како што реков, условот е делата да бидат работени на хартија, а форматот е максимум 70 x 100 см. Техниките се различни и се движат од: графики, слики, колажи, акварел, пастел, компјутерска графика, цртеж, до фотографски имиџи од типот на ликовен дизајн, односно сѐ што може да се направи од хартија.

**Кои се пропозициите за учество на СИАБ?**

- Сите студенти на редовни или постдипломски студии од сите земји имаат право рамноправно да конкурираат. Оваа година учествуваат 24 факултети од 15 земји од светот, освен од Африка, односно 56 учесници од странство и 50 наши учесници, односно од ФЛУ. Меѓународната жири комисија, составена од пет члена - по еден претставник од нашиот факултет и од Музејот на град Скопје како коорганизатори, и тројца членови од странство, доделува три награди: една гранд-при награда, која изнесува 500 ГМ и две придружни награди.

**Кои се годинешните активности на СИАБ?**

- Прво, тоа е групната изложба, која ќе биде отворена 15 дена и на која ќе бидат претставени околу 150 дела. Секое Биенале, покрај главната, има и изложба на една од академиите, како придружна манифестација. Оваа година гостин е Академијата за ликовни уметници од Љубљана, односно постдипломците од графичкиот оддел. Нивниот претставник, проф. Лојзе Логар, ќе ја отвори посебната презентација истата вечер со отворањето на изложбата на СИАБ. Исто така, на 31 мај ќе се одржи предавање на професори од Хрватска и





1299



Бугарија за нивните програми и иновации во уметничката практика.

За студентите се предвидени и работилници и излети, а најавени се посети од повеќе други земји што ќе дојдат самостојно. Вообичаена практика е да доаѓаат повеќе студенти од странство и да се дружат со нашите. Главна цел на ова Биенале е токму дружењето на младите преку нивните дела. За таа цел, порано студентите формираа и посебни фондови, но со оглед на моменталната економска состојба, тоа оваа година не бевме во можност да го направиме.

**Со оглед дека се работи за комплексна изложба, а средства за такви манифестации кај нас има сè помалку, дали тоа значи дека е потребно да барате дополнителна финансиска поддршка?**

- Се разбира дека ние не сме во состојба сами да ги обезбедиме сите потребни средства. Средствата ги добиваме од различни фондови. Досега сме добивале помош од Министерството за култура, Министерството за образование, Сорос. Оваа година добиваме финансиска поддршка од Министерството за култура и од швајцарската фондација Про Хелвеција.

**Која е улогата на СИАБ во светски рамки?**

- Нашата манифестација стана доста популарна во светот, не само на Балканот. Академиите и факултетите од цел свет во периодот меѓу две претставувања постојано прашуваат, се информираат, чекаат да дојде тој термин и секогаш имаме многу пријавени. Институциите што се занимаваат со младата ликовна уметност ги добиваат информациите преку каталозите, кои се доста репрезентативни и во кои се претставени сите учесници со по едно свое дело. Се случува тоа да биде пресудно за нивната понатамошна соработка со нашите уметници. Тоа се случи со Фондацијата Про Хелвеција, која отвори и претставништво кај нас, сметајќи дека ликовната клима тука е многу развиена. Оваа манифестација претставува показател дека во Македонија постојат голем интерес и грижа за младата ликовна уметност. Многу е важно преку ваквите активности младите уметници да имаат контакт со светот.

Маја ЧАНКУЛОВСКА

## КУЛТ - ОКО

Годинашниот селектор на Театарскиот фестивал „Војдан Чернодрински" Блаже Миневски избра седум од тринаесет пријавени претстави од театрите во Македонија. Најдобри се: „Македонска крвава свадба" на Чернодрински, во режија на Љупчо Ѓорѓиевски од Битолски театар, „Филоктет" од и во режија на Љубиша Георгиевски од Драмски театар, „Печалбари" на Антон Панов, во режија на Бранко Брезовац од Битолски театар, „Елешник" на Југослав Петровски, во режија на Димитар Станкоски од Велешки театар, „Градски саат" на Коле Чашуле, во режија на Бранко Ставрев од Прилепски театар, „Тегмота" на Васе Манчев, во режија на Стојан Стојановски од Струмички театар и „Будење на пролетта 2000" на Огнен Георгиевски и Златко Славенски од МНТ.

Традиционалната награда за животно дело - статуетка со ликот на Војдан Чернодрински, годинава ќе ја добијат четворица. Според Одборот, годинашни добитници се: Александар Алексиев, театролог; Љупка Џундева, актер; Антоанета Ковачевиќ, актер и Алеко Протоѓеров, актер.

На 9 мај, во продажниот салон на Културно-информативниот центар беше отворена изложба на сликарот Мирослав Масин, насловена како „Од кујната на Масин". Беа изложени дваесетина слики масло на платно и масло на гајби. Мирослав Масин е претседател на ДЛУМ. Дипломирал на ФЛУ во 1988 година од кога станува член на ДЛУМ. Има организирано над дваесетина самостојни изложби и учествувал на педесет групни изложби. На домашната ликовна сцена е познат и по своите инсталации, перформанси и сценографии.

На 11 мај во Домот на Армијата, Македонската филхармонија одржа јубилеен концерт по повод 40-годишната уметничка дејност на диригентот Фимчо Муратовски. Како солист настапи мецосопранот Билјана Јовановска-Јакимовска. На програмата беа дела од Рихард Вагнер и Густав Малер.

На 15 мај, во фоајето и пред платото на МНТ, беше отворено дваесет и осмото издание на „Мајските оперски вечери". По поздравниот говор на оперската пејачка Милка Ефтимова и изведбите на Воениот оркестар на АРМ и Хорот на МПЦ „Св. Климент Охридски", на програмата беа изведени и популарни арии од светската музичка литература со солистите: Весна Гиновска-Илкова, Славица Петровска, Павлина Новакова, Ана Стаматовска, Анастазија Мухиќ, Ирена Кафкалевска, Зоран Сотиров, Марјан Николовски и Игор Дурловски. Програмата на фестивалот ќе се реализира во шест вечери, до 31 мај.

М. Р.